POINTPULSE
WESTERN BALKANS PULSE FOR POLICE INTEGRITY AND TRUST

WWW.POINTPULSE.NET

ИЗВЕШТАЈ

# ЈАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА

## Резултати од анкетата за истражување на јавното мислење во Македонија

Септември, 2017.

Изданието е поддржано од Европската Унија.

Програма на Европската Унија „Инструмент за граѓанското општество“ за граѓански организации.

**ЈАВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ПОЛИЦИЈАТА**
Резултати од анкетата за истражување на
јавното мислење во Македонија

**ИЗДАВАЧ**
Аналитика
Алберт Швајцер 6, Скопје, Македонија
Тел.: +389 23 151 948
Е-пошта: info@analyticamk.org
www.analyticamk.org
www.pointpulse.net

**АВТОР**
Магдалена Лембовска

**РЕДАКТОР**
Саша Ѓорѓевиќ

**ПРЕВОД**
Билјана Несторовска

**ДИЗАЈН И ИЗГЛЕД**
DTP

Скопје, 2017

# СОДРЖИНА


**ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ И ТАБЕЛИ ........................................................ 4**

**ЗА АНКЕТАТА ........................................................ 6**

**РЕЗИМЕ ........................................................ 7**

**ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ........................................................ 9**

Полицијата не е повеќе онаа на која најмногу и се верува ........................................................ 9

Ниски нивоа на доверба во правосудството ........................................................ 13

**ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА ........................................................ 15**

Позитивен став кон жените-полицајки и мажите-полицајци ........................................................ 15

Полициските службеници се вработуваат со политички врски и ги штитат интересите на политичките партии ........................................................ 17

Големо влијание врз оперативната работа на полицијата од страна на политичарите ........................................................ 19

**ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈАТА ........................................................ 21**

Судството е најкорумпираната институција ........................................................ 21

Сообраќајната полиција и најблиските соработници на министерот се најкорумпираните сектори на полицијата ........................................................ 26

**БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА ........................................................ 28**

Граѓаните на Македонија се спремни да пријават случај на корупција во полицијата ........................................................ 28

Локалните полициски станици се првиот избор за пријавување на полициската корупција ........................................................ 30

Мотивирањето на граѓаните да пријават полициска корупција е најпотребната мерка ........................................................ 31

Невладините организации треба да соработуваат со државата во борбата против корупција ........................................................ 33

**МЕТОДОЛОШКА РАМКА ........................................................ 35**

# ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ И ТАБЕЛИ

Графикон 1: Доверба во македонската полиција ....9

Графикон 2: Разлики во перцепцијата за полицијата според полот ....10

Графикон 4: Разлики во перцепциите за полицијата според етничката припадност ....11

Графикон 5: Разлики во перцпециите за полицијата според степенот на образование ....11

Графикон 6: Разлики во перцпециите за полицијата според занимањето ....12

Графикон 7: Разлики во перцпециите за полицијата според региони ....12

Графикон 8: Урбано-рурални разлики во перцепцијата за полицијата ....13

Табела 1: Нивото на доверба во македонските институции ....13

Графикон 9: Рангирање на институции во Македонија според довербата која ја уживаат ....14

Графикон 10: Опис на полициска службеничка (прв одговор) ....15

Графикон 11: Опис на полициска службеничка (повеќе одговори) ....16

Графикон 12: Опис на типичен полициски службеник во Македонија (прв одговор) ....16

Графикон 13: Опис на типичен полициски службеник во Македонија (повеќе одговор) ....16

Графикон 14: Избор на кандидати и вработување во полиција (повеќе одговори) ....17

Графикон 15: Во чиј интерес полицијата најмногу работи ....17

Графикон 16: Во чиј интерес полицијата најмалку работи? ....18

Графикон 17: Разлики според возраста – во чиј интерес полицијата најмногу работи ....18

Графикон 18: Разлики според професијата – во чиј интерес полицијата најмногу работи ....19

Графикон 19: Етнички разлики – во чиј интерес полицијата најмногу работи ....19

Графикон 20: Политичко влијание на оперативната работа на полицијата ....20

Графикон 21: Етнички разлики во перцепцијата на политичкото влијание на оперативната работа ....20

Табела 2: Распространетост на корупцијата во македонските институции ...21

Графикон 22: Перцепција за корупцијата во македонските институции (3+4)...22

Графикон 24: Полови разлики во перцепцијата за полициската корупција ...24

Графикон 25: Етнички разлики во перцепцијата за полициската корупција ...24

Графикон 27: Географски разлики во перцепцијата за полициската корумпираност...25

Табела 3: Перцепција за корупцијата во одделни полициски сектори...26

Графикон 28: Перцепција за корупцијата во различни сектори на полицијата (3+4) ...27

Графикон 29: Пријавување на случај на корупција во полицијата во Македонија ...28

Графикон 30: Пријавување на полициската корупмираност тајно во Македонија ...28

Графикон 31: Етнички разлики во перцепцијата во однос на пријавувањето на полициската корупција...29

Графикон 32: Полови разлики во восприемањето во однос на пријавувањето полициска корупција...29

Графикон 33: Опции за пријавување на полициска корупција (прв одговор)...30

Графикон 34: Опции за пријавување на полициска корупција (повеќе одговори) ...31

Графикон 35: Најважни мерки за превенција на полициска корумпираност ...31

Графикон 36: Етнички разлики во перцепцијата за мерките кои се најважни за превенција на полициската корупција...32

Графикон 37: Институција која треба да ја води борбата против полициската корупција ...33

Графикон 38: Улогата на невладините организации во борбата против корупција ...34

Графикон 39: Етнички разлики во однос на улогата на невладините организации во борбата против корупција ...34

# ЗА АНКЕТАТА

Третиот круг на анкетата за истражување на јавното мислење „Мислењето на граѓаните за полицијата“ беше спроведена во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Косово, Македонија и Србија. Прашалникот на кој се заснова анкетата за јавно мислење е развиен од страна на регионалната мрежа ПОИНТПУЛС за да даде одговори за мислењето на граѓаните за полицијата. Прашалникот вклучува шест групи на прашања:

1. Нивото на доверба на граѓаните во институциите;
2. Перцепција за полицијата како институција, но и за полициските службеници од двата пола како индивидуи;
3. Перцепција за корупцијата во општеството и полицијата;
4. Мислења на граѓаните за борбата против корупцијата;
5. Мислења на граѓаните за работата на граѓанските организации;
6. Демографски прашања.

Истражувањето во Македонија е спроведено во јули 2017 година од страна на ИПСОС Стратешки маркетинг, на репрезентативен примерок од 1000 возрасни граѓани на Македонија. Како истражувачка алатка беше употребен прашалник и беа направени телефонски интервјуа со помош на компјутер или техника наречена CATI.

Извештајот беше објавен како дел од проектот наречен "Пулсот за полициски интегритет и доверба на Западен Балкан", кој има за цел да придонесе кон зголемување на довербата во полицијата преку промовирање на нејзината отчетност и зајакнување на нејзиниот интегритет. За оваа цел, следните седум граѓански организации од регионот ја формираа ПОИНТПУЛС мрежата: Аналитика од Скопје, Белградскиот центар за безбедносна политика (БЦБП), Балканската мрежа за истражувачко новинарство (БИРН) од Белград, Центарот за безбедносни студии (ЦБС) од Сараево, Институтот Алтернатива (ИА) од Подгорица, Институтот за демократија и медијација (ИДМ) од Тирана и Косовскиот центар за безбедносни студии (КЦСС) од Приштина.

Проектот е поддржан од Европската унија преку програмата „Инструмент за граѓанско општество“ како дел од Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Содржината на овој извештај е во целосна одговорност на Аналитика и ставовите во овој документ не значи дека ги одразуваат оние на Европската унија.

# РЕЗИМЕ

Полицијата е втората институција во која граѓаните имаат најмногу доверба, веднаш после образовниот систем. Повеќе од половина од населението (55%) покажуваат доверба во полицијата, но речиси една четвртина (23%) сè уште нема доверба. Анкетата покажува позитивна перцепција за полициските службеници меѓу населението, особено кога се работи за жени-полицајки. Ова треба да се земе предвид од страна на Министерството за внатрешни работи кога се развиваат комуникациски стратегии за градење јавна доверба. Исто така, Министерството треба да работи повредно за да добие доверба од невработените лица, студентите и воопшто од младите, бидејќи нивоата на доверба кај овие категории се пониски.

Вработените во приватниот сектор покажуваат најголема доверба во полицијата, а по нив се оние кои работат во јавниот сектор и пензионерите. Нивото на доверба во полицијата меѓу етничките Албанци се зголемило во 2017, што е позитивен тренд со оглед на тоа што процентот во минатото беше многу помал од оној на етничките Македонци. Во моментов, нема значајни разлики меѓу двете етнички групи.

Анкетата покажала дека граѓаните веруваат дека политиката игра важна улога во полициската работа – почнувајќи со практиките на вработување кои се сметаат за зависни од политичките врски на кандидатот, но, исто така, и на оперативно ниво. Граѓаните воглавно ја сметаат полицијата како средство за заштита на интересите на политичките партии или други конкретни групи. Во согласност со ова, повеќето граѓани сметаат дека политичарите имаат големо влијание на оперативната полициска работа. Поради тоа, Министерството за внатрешни работи треба да направи значајни напори за да ја деполитизира полицијата и да се осигура во имплементацијата на професионални стандарди на сите нивоа во оваа институција.

Иако јавната доверба во полицијата е релативно висока, исто така има перцепција за широко распространета корупција, што покажува висока толеранција за корупцијата во македонското општество. Сепак, охрабрувачки е да се види дека најголемиот дел (70%) од граѓаните се спремни да пријават полициска корупција дури и доколку е потребно да откријат лични податоци. Понатаму, околу половина од нив би го промениле мислењето и би пријавиле ваков случај доколку тоа можат да го сторат тајно. Постои широк консензус дека мотивирањето на граѓаните да пријават корумпирани полициски службеници е најнеопходното дејство за превенција на корупција. Оттука, чинителите треба да се фокусираат на промоција механизмите за надзор и контрола. Доколку граѓаните веруваат дека нивните жалби навистина ќе се земат предвид сериозно и дека полициските службеници ќе бидат одговорни за своите дела, тие подобро ќе се охрабрат да ги пријават случаите на корупција.

Одењето во локална полициска станица е првиот избор за пријавување полициска корупција, додека организациската единица за внатрешна контрола, која е всушност одговорна за вакви

случаи, не е многу популарен избор. Сепак, повеќето испитаници сметаат дека контролата во полицијата треба да биде прво нешто со кое се брани полициската корупција. Исто така, интересно е да се забележи дека една четвртина од граѓаните често претпочитаат понеформални канали и попрво би зборувале со луѓе отколку со институции. Поради ова, сите вработени во Министерството треба да се обучат за да се справуваат со вакви ситуации. Исто така, особено важно е вработените во полициските станици да добијат соодветна обука за постапување при примањето на пријави за полициската корупција.

# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

Јавната доверба во институциите е важна за да се обезбеди нивната легитимност. Со оглед на тоа што полицијата е една од клучните институции одговорни за безбедност, која исто има „монопол на насилство“, јавната доверба на оваа институција е од особена важност.

## Полицијата не е повеќе онаа на која најмногу ѝ се верува

Анкетата покажува дека полицијата не е повеќе институцијата во која најмногу се верува во Македонија; туку сега е на второ место, веднаш по образовниот систем. Ова е резултат на мало намалување во нивото на јавната доверба во полицијата и зголемувањето во нивото на јавната доверба во образовниот систем. Поконкретно, на образованието му веруваат 62% од испитаниците (52% во 2016). Од друга страна, 55% од испитаниците рекле дека тие воглавно или целосно ѝ веруваат на полицијата (58% во 2016).

### Графикон 1: Доверба во македонската полиција

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија?  Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.




Не постојат значајни разлики меѓу родовите во однос на нивото на доверба во полицијата. Што се однесува до групите според возраста, луѓето на возраст 30-44 години најмногу ѝ веруваат на полицијата (61% воглавно или целосно ѝ веруваат, а 39% не ѝ веруваат воопшто), а по нив следат оние на возраст од 45 до 59 години. Нивото на доверба е помало кај младите лица и постарите испитаници – само околу половина од нив покажале доверба во оваа институција: 49% од оние постари од 60 години и 51% од оние на возраст од 18 до 29.

**Графикон 2: Разлики во перцепцијата за полицијата според полот**

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија? Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.




**Графикон 3: Разлики во перцепцијата за полицијата според возраста**

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија? Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.




Спротивно со резултатите од минатата година, кога нивото на доверба било многу поголемо меѓу етничките Македонци отколку меѓу етничките Албанци, сега нема значајни разлики меѓу овие етнички групи. Ова е резултат на зголемувањето во нивото на доверба во полицијата од етничките Албанци и намалувањето на нивоата на доверба меѓу етничките Македонци. Во 2016, 63% од етничките Македонци и 41% од етничките Албанци одговориле позитивно, додека 37% од етничките Македонци и 59% од етничките Албанци одговориле негативно. Оваа година, истражувањето покажало сосем различна слика. Броевите се речиси еднакви: 54% од етничките Македонци и 54% од етничките Албанци велат дека ѝ веруваат на полицијата, додека 44% од етничките Македонци и 46% од етничките Албанци го велат спротивното.

### Графикон 4: Разлики во перцепциите за полицијата според етничката припадност

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија? Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.




Луѓето со пониски нивоа на образование ѝ веруваат на полицијата повеќе: 60% од оние со незавршено основно образование одговориле позитивно, како и 51% од оние со завршено основно образование. Ако се анализираат податоците од гледна точка на професија, студентите имаат најниско ниво на доверба, и повеќе од половина од нив одговориле дека не ѝ веруваат на полицијата (56% не веруваат, а 44% веруваат). По нив следат моментално невработените, кои се поделени (50% не веруваат и 50% веруваат). Важно е да се забележи дека речиси третина од моментално невработените лица рекле дека воопшто не ѝ веруваат на полицијата. Од друга страна, нивото на доверба е највисоко кај вработените во приватниот сектор (60% веруваат, а 39% не веруваат), следни се вработените во јавниот сектор (55% веруваат, а 45% не веруваат), додека пензионерите се некаде во средина (53% веруваат, а 41% не веруваат).

### Графикон 5: Разлики во перцпециите за полицијата според степенот на образование

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија? Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.



**Графикон 6: Разлики во перцпециите за полицијата според занимањето**

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија? Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.




Граѓаните од југозападниот дел на Македонија имаат најпозитивно мислење за полицијта и 57% веруваат на оваа институција. По нив следат северозападна Македонија (вклучувајќи го Куманово). Испитаниците од Скопје и од источна и централна Македонија имаат слични мислења, 52-53% од нив покажуваат доверба. Потоа, оние кои живеат во урбани места имаат поголема доверба од оние кои живеат во рурални средини. Меѓутоа, разликата е многу мала: 55% од оние во урбаните места и 53% од руралните места покажае доверба во полицијата.

**Графикон 7: Разлики во перцпециите за полицијата според региони**

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија? Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.



**Графикон 8: Урбано-рурални разлики во перцепцијата за полицијата**

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија? Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.




## Ниски нивоа на доверба во правосудството

Освен образовниот систем и полицијата, кои беа анализирани погоре, друг сектор кој добил доверба од повеќе од 50% од испитаниците е здравството, на кое воглавно или целосно ѝ верува 50% од населението. Сите други институции имаат помалку од 50%.

**Табела 1: Нивото на доверба во македонските институции**

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија? Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.

| | Воопшто не верувам | Воглавно не верувам | Воглавно верувам | Во потполност верувам | Не знам | Sum - (1+2) | Sum + (3+4) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Царина** | 24.8 | 24.7 | 31.6 | 14.5 | 04.5 | 49.5 | 46.0 |
| **Образование** | 16.3 | 19.9 | 34.8 | 27.3 | 01.7 | 36.2 | 62.1 |
| **Здравство** | 24.5 | 25.1 | 33.3 | 17.0 | 00.1 | 49.6 | 50.3 |
| **Судство** | 45.8 | 22.0 | 20.3 | 10.1 | 01.7 | 67.8 | 30.4 |
| **Пазарна инспекција** | 32.5 | 25.0 | 27.4 | 10.8 | 04.4 | 57.5 | 38.2 |
| **Полиција** | 23.3 | 20.7 | 34.6 | 19.9 | 01.5 | 44.0 | 54.5 |
| **Општинска/граѓанска управа** | 27.0 | 23.4 | 33.1 | 14.9 | 01.5 | 50.5 | 48.0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Парламент** | 39.5 | 21.9 | 23.8 | 12.6 | 02.2 | 61.4 | 36.4 |
| **Медиуми** | 27.3 | 23.6 | 35.3 | 12.0 | 01.8 | 50.9 | 47.3 |
| **Невладини организации** | 30.4 | 17.7 | 31.5 | 15.7 | 04.7 | 48.1 | 47.2 |
| **Државна комисија за спречување корупција** | 47.1 | 22.6 | 18.3 | 09.9 | 02.1 | 69.8 | 28.1 |
| **Обвинителство** | 44.0 | 20.2 | 21.6 | 11.9 | 02.3 | 64.2 | 33.5 |

На Државната комисија за спречување на корупцијата најмалку ѝ се верува, со оглед на тоа што речиси 70% од граѓаните дале негативно мислење (23% целосно не веруваат, а 47% воглавно не веруваат). Само 10% од анкетираните целосно веруваат на оваа институција, додека 19% главно веруваат. Загрижувачки, правосудството и обвинителството се меѓу институциите на кои најмалку им се верува: 68% од перцепцијата е негативна, а само 30% позитивна за правосудството,а 64% негативна, а 34% позитивна за обвинителите. Овие резултати покажуваат дека граѓаните не покажуваат доверба во кривично-правниот систем или независните контролни механизми. Бидејќи овие институции треба да ја водат борбата против корупција, ниските нивоа на доверба покажуваат дека тие не успеале да се покажат како такви.

Друга институција со негативен резултат е Парламентот, каде 61% од населението покажало недоверба, а само 36% одговориле дека воглавно или целосно веруваат. Овие резултати биле очекувани, земајќи го предвид политичкиот контекст во Македонија. Македонскиот парламент не беше конституиран неколку месеци по предвремените парламентарни избори во декември 2016. Исто така, Собранието се конституираше во многу напната атмосфера, која вклучуваше и напад на пратеници од надворешна толпа и проблематично однесување на полицијата.

### Графикон 9: Рангирање на институции во Македонија според довербата која ја уживаат

П: Колку им верувате на следниве институции во Македонија? Ве молиме одговорете со оцена од 1 до 4, каде: 1 значи дека воопшто не ѝ верувате на одредената институција, 2 дека воглавно не ѝ верувате, 3 дека воглавно ѝ верувате, и 4 дека целосно ѝ верувате на институцијата.



# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА ПОЛИЦИЈАТА

## Позитивен став кон жените-полицајки и мажите-полицајци

Граѓаните вообичаено користат позитивни придавки за да ги опишат полициските службенички. Први што им паднале на ум се: добрина (12%), „како сите други“ или „си ја работат својата работа“ (7%), коректност (6%), култура и пристојност (6%), сериозност, одговорност и свест (5%), храброст и смелост (4%), и, на крај, пријателско расположение, помош и комуникативност (3%). Некои граѓани ги опишале во однес на убавина, или добар изглед и шарм (3%). Доколку направиме анализа според дадени повеќе одговори, сè уште преовладуваат позитивните придавки.

Единствената негативна перцепција поврзана со жените-полицајки е онаа дека тие не се доволно подготвени: физички или недоволно опремени (4%), додека други негативни придивки (како арогантност, некоректност, нељубезност) се поретко спомнати.

### Графикон 10: Опис на полициска службеничка (прв одговор)

П: Кога ќе помислите на женски полициски службеник, која е во директен контакт со граѓаните, како би ја опишале? Ве молиме, наведете неколку карактеристики (придавки) кои, според Вас, најдобро опишуваат женски полициски службеник во Македонија.




Кога не е наведен полот на полицискиот службеник, првиот збор повторно бил добрина (12%), а потоа „си ја работи својата работа како и секој друг“ (8%) и љубезност, култура и пристојност (7%). Меѓутоа, граѓаните, исто така, употребиле негативни придавки како нељубезност, недостаток на култура и лоши манири (6%), и корумпираност (3%). Доколку ги анализираме одговорите од повеќекратните одговори, преовладуваат позитивните придавки меѓу одговорите на граѓаните во анкетата.

## Графикон 11: Опис на полициска службеничка (повеќе одговори)

П: Кога ќе помислите на женски полициски службеник, која е во директен контакт со граѓаните, како би ја опишале? Ве молиме, наведете неколку карактеристики (придавки) кои, според Вас, најдобро опишуваат женски полициски службеник во Македонија.




## Графикон 12: Опис на типичен полициски службеник во Македонија (прв одговор)

П: А, кога ќе помислите на типичен полициски служебник во Македонија, кој е во директен контакт со граѓаните, како би го опишале: Ве молиме, наведете неколку атрибути (придавки, зборови), кои, според Вас, најдобро опишуваат типичен полициски службеник во Македонија.




## Графикон 13: Опис на типичен полициски службеник во Македонија (повеќе одговор)

П: А, кога ќе помислите на типичен полициски служебник во Македонија, кој е во директен контакт со граѓаните, како би го опишале: Ве молиме, наведете неколку атрибути (придавки, зборови), кои, според Вас, најдобро опишуваат типичен полициски службеник во Македонија.



## Полициските службеници се вработуваат со политички врски и ги штитат интересите на политичките партии

Речиси половина од населението (44%) верува дека полициските службеници се избираат и вработуваат со политички врски, додека 18% од граѓаните сметаат дека ова се прави преку пријателски или/и роднински врски. Само 13% од анкетираните веруваат дека вработувањето е добиено преку јавен конкурс. Мал број на граѓани (4%) сметаат дека ова се постигнува преку давање мито на некој моќен. Една третина од испитаниците рекле нешто друго или одбиле да одговорат.

**Графикон 14: Избор на кандидати и вработување во полиција (повеќе одговори)**

П: Според Вас, на кој начин се врши избор на кандидатите и вработувањето на кадар во полицијата?




Граѓаните се согласуваат дека полицијата служи како средство за заштита на различни групи: дури 36% сметаат дека полицијата служи за да ги заштити интересите на политичките партии, 22% дека ги штитаат интересите на владата, а 15% дека работат како средство за заштита на интересеите на највисокиот ранг на полицијата. Само малку над четвртина (27%) од испитаните сметаат дека полицијата служи како сервис на граѓаните.

**Графикон 15: Во чиј интерес полицијата најмногу работи**

П: Во кое својство најмногу работи полицијата?



Кога е поставено спротивното прашање: „Во кое својство полицијата најмалку работи“, 62% од испитаниците одговориле дека најмалку им служи на граѓаните, 15% дека најмалку работи како средство за заштита на интересите на политичките партии, 11% дека најмалку ги штити владините интереси, и 11% дека најмалку се грижи за заштита на интересите на највисоките рангови на полоицијата.

### Графикон 16: Во чиј интерес полицијата најмалку работи?

П: Во кое својство полицијата најмалку работи?




Испитаниците постари од 60 години веруваат дека полицијата им служи на граѓаните (28% го дале овој одговор), додека оние од 15 до 59 години сметаат дека полицијата служи како средство за заштита на интересите на политичките партии (41%). Според занимње, вработените во јавниот сектор сметаат дека полицијата служи во корист на граѓаните, додека моментално невработените воглавно сметаат дека полицијата ги штити интересите на политичките партии (41% одговориле вака).

### Графикон 17: Разлики според возраста – во чиј интерес полицијата најмногу работи

П: Во кое својство полицијата во вашата земја најмногу работи?



**Графикон 18: Разлики според професијата – во чиј интерес полицијата најмногу работи**

П: Во кое својство полицијата во вашата земја најмногу работи?




Најзначајните разлики се според етничката припадност. Етничките Албанци најмалку сметаат дека полицијата служи како сервис на граѓаните (само 17% веруваат), многу помалку од етничките Македонци, каде 29% од граѓаните го делат ова мислење. Од друга страна, речиси половина (48%) од етничките Албанци сметаат дека полицијата е средство за заштита на интересите на политичките партии. Процентот на етнички Македонци кои го дале овој одговор бил 34%.

**Графикон 19: Етнички разлики – во чиј интерес полицијата најмногу работи**

П: Во кој од следниве капацитети полицијата најмногу работи во вашата земја?




## Големо влијание врз оперативната работа на полицијата од страна на политичарите

Постои општа перцепција на големо влијание на политичарите врз оперативната работа на полицијата: 61% од испитаниците се согласуваат со ова. Поточно, 37% сметаат дека влијанието на политичарите е прилично големо, а 25% дека целосно влијаат на работата на полицијата. Исто така, постои зголемување во споредба со претходната година (55% одговориле со

термините „целосно“ или „на доста високо ниво“). Само 12% од испитаниците (споредено со 16% во 2016) сметаат дека политичарите нема никакво влијание.

### Графикон 20: Политичко влијание на оперативната работа на полицијата

П: Според вас, до кој степен политичарите имаат влијание на оперативната работа на полицијата?




Интересно е да се забележи дека етничките Македонци имаат перцепција за поголемо влијание од страна на политичарите во споредба со етничките Албанци: 41% од етничките Македонци и 25% од етничките Албанци рекле дека политичкото влијане е присутно на високо ниво, додека 26% од етничките Македонци и 23% од етничките Албанци сметаат дека тие имаат целосно влијание на работата на полицијата. Од друга страна, 20% од етничките Албанци и само 9% етнички Македонци рекле дека воопшто нема влијание.

### Графикон 21: Етнички разлики во перцепцијата на политичкото влијание на оперативната работа

П: Според вас, до кој степен политичарите имаат влијание на работата на полицијата?



# ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈАТА

## Судството е најкорумпираната институција

На испитаниците им беше дадена листа со институции и требаше да го искажат својот став за тоа колку е раширена корупцијата во секоја од нив. За жал, граѓаните сметаат дека корупцијата е раширена во сите институции, и за секоја институција имаше над 50%. Невладините организации се сметаат за најмалку корумпирани: 50% од граѓаните сметаат дека корупцијата во невладините организации е распространета или распространета на големо ниво, додека 40% сметаат дека корупцијата не е воопшто распространета или е распространета во мал степен.

**Табела 2: Распространетост на корупцијата во македонските институции**

П: Колку е распространета корупцијата во следниве институции? Ве молиме одговорете користејќи скала од 1 до 4, каде 1 значи дека воошто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мала мера, 3 значи дека е донекаде распространета, а 4 значи дека е распространета до највисоките нивоа.

| | Не е воопшто распространета | Распространета е во мала мера | Донекаде е распространета | Распространета е до највисоките нива | Не знам | Sum - (1+2) | Sum + (3+4) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Царина** | 09.2 | 19.8 | 33.8 | 30.3 | 07.0 | 29.0 | 64.0 |
| **Образование** | 13.1 | 28.7 | 35.9 | 18.4 | 03.9 | 41.8 | 54.3 |
| **Здравство** | 11.0 | 21.3 | 36.9 | 28.9 | 01.9 | 32.3 | 65.8 |
| **Судство** | 07.8 | 17.2 | 28.8 | 41.4 | 04.8 | 25.0 | 70.2 |
| **Пазарна инспекција** | 08.6 | 22.4 | 35.1 | 28.2 | 05.6 | 31.0 | 63.4 |
| **Полиција** | 08.5 | 23.7 | 33.3 | 29.3 | 05.2 | 32.2 | 62.6 |
| **Општинска/граѓанска управа** | 12.1 | 23.2 | 33.8 | 25.8 | 05.2 | 35.3 | 59.6 |
| **Собрание** | 12.6 | 20.7 | 26.3 | 28.8 | 11.6 | 33.3 | 55.1 |
| **Медиуми** | 10.8 | 22.5 | 35.4 | 25.7 | 05.6 | 33.3 | 61.1 |
| **Невладини организации** | 15.3 | 25.0 | 26.0 | 23.7 | 10.0 | 40.3 | 49.7 |
| **Државна комисија за спречување на корупција** | 14.5 | 21.5 | 28.9 | 26.3 | 08.7 | 36.0 | 55.2 |
| **Обвинителство** | 11.6 | 17.9 | 29.7 | 35.1 | 05.8 | 29.5 | 64.7 |

Македонските граѓани сметаат дека судството е најкорумпираната институција во Македонија. 70% од испитаниците сметаат дека корупцијата е распространета или распространета на

највисоко ниво (29% сметаат дека е донекаде распространета, а 41% дека е распространета на највисоко ниво). Од друга страна, само 8% од граѓаните сметаат дека корупцијата во осудството не е воопшто распространета.

Следен на листата е здравствениот систем (66% одговориле дека корупцијата е донекаде распространета или е распространета на високо ниво), потоа следува обвинителството, царината, пазарната инспекција, полицијата, и конечно, медиумите. Сите овие институции имаат над 60%. Што се однесува до останатите (образовниот систем, општината/градските власти, и Државната комиисија за спречување на корупцијата, за нив граѓаните, 50-60%, сметаат дека се донегде корумпирани или се корумпирани на највисоко ниво.

Интересно е да се забележи дека перцепцијата за корупцијата е многу голема кога станува збор дури и за институциите кои уживаат високи нивоа на доверба од населението. Ова значи дека корупцијата се толерира и е прифатена од граѓаните.

Понатаму, постои пецепција за високо ниво на корупција во сите институции од кривично-правниот систем. Резултатите се загрижувачки бидејќи судството, обвинителството и полицијата треба да бидат први во редот за борба против било каква форма на корупција. Ова е во согласност со многу ниските нивоа на доверба во правосудството и обвинителството покажани во оваа анкета.

### Графикон 22: Перцепција за корупцијата во македонските институции (3+4)

П: Колку е распространета корупцијата во следниве институции? Ве молиме одговорете користејќи скала од 1 до 4, каде 1 значи дека воошто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мал степен, 3 значи дека е донегде распространета, а 4 значи дека е распространета на највисоко ниво.



**Графикон 23: Перцепција за корупцијата во македонските институции (1+2)**

П: Колку е распространета корупцијата во следниве институции? Ве молиме одговорете користејќи скала од 1 до 4, каде 1 значи дека воопшто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мал степен, 3 значи дека е донегде распространета, а 4 значи дека е распространета на високо ниво.




Што се однесува до перцепцијата за полициската корупција, мажите повеќе ја сметаат оваа институција за корумпирана отколку жените (65% машки и 60% женски испитаници одговориле дека корупцијата во полицијата е донегде распространета или распространета на високо ниво). Резултатите се слични кога ќе се анализираат според етничките групи – 66% етнички Албанци и 60% етнички Македонци одговориле на ист начин.

Кога податоците ќе се анализираат по возрасни групи, младите луѓе имаат највисоко ниво на перцепција за полициската корупција: 70% од испитаниците на возраст 18-29 сметаат дека корупцијата во полицијата е донекаде распространета или е распространета на највисоко ниво. Од друга страна, постарите (60+), полицијата ја сметаат за помалку корумпирана: 53% од нив рекле дека корупцијата е донегде распространета или распространета на највисоко ниво, додека 35% веруваат дека корупцијата воопшто не е распространета или е распространета во мала мера. Меѓутоа, ова е и возрасната група со најголем број на испитаници кои не знаеле како да одговарат на ова прашање. Граѓаните на возраст 30-44 години и 45-59 години дале слични одговори, а нивното ниво на перцепција за корупцијата е околу 63-64%.

Граѓаните на Скопје имаат највисоко ниво на перцепција на полициска корупција – 67% одговориле позитивно, а потоа се граѓаните на северозападна Македонија (вклучувајќи го Куманово), каде процентот бил 65. Граѓаните на другите делови на Македонија имаат слични мислења: 59% од населението на југозападна, источна и централна Македонија сметаат дека корупцијата во полицијата е донегде распространета или распространета на највисоко ниво.

### Графикон 24: Полови разлики во перцепцијата за полициската корупција

П: Колку е распространета корупцијата во следниве институции? Ве молиме одговорете користејќи скала од 1 до 4, каде 1 значи дека воошто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мала мера, 3 значи дека е донегде распространета, а 4 значи дека е распространета на највисоко ниво.




### Графикон 25: Етнички разлики во перцепцијата за полициската корупција

П: Колку е распространета корупцијата во следниве институции? Ве молиме одговорете користејќи скала од 1 до 4, каде 1 значи дека воошто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мала мера, 3 значи дека е донегде распространета, а 4 значи дека е распространета на највисоко ниво.



**Графикон 26: Разлики во возраст во перцепцијата за полициската корупција**

П: Колку е распространета корупцијата во следниве институции? Ве молиме одговорете користејќи скала од 1 до 4, каде 1 значи дека воопшто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мала мера, 3 значи дека е донегде распространета, а 4 значи дека е распространета на највисоко ниво.




**Графикон 27: Географски разлики во перцепцијата за полициската корумпираност**

П: Колку е распространета корупцијата во следниве институции? Ве молиме одговорете користејќи скала од 1 до 4, каде 1 значи дека воопшто не е распространета, 2 значи дека е распространета во мала мера, 3 значи дека е донегде распространета, а 4 значи дека е распространета на највисоко ниво.



## Сообраќајната полиција и најблиските соработници на министерот се најкорумпираните сектори на полицијата

Оние кои веруваат дека корупцијата во полицијата е распространета, исто така беа прашани да ја оценат корупцијата на специфични сектори на полицијата. Најкорумпирана се смета дека е сообраќајната полиција (62% распространета и 35% не е распространета), но исто така и најблиските соработници на министерот (61% распространета и 28% не е распространета). Само 8-9% од граѓаните веруваат дека корупцијата не е распространета воопшто во овие категории.

**Табела 3: Перцепција за корупцијата во одделни полициски сектори**

П: Колку е распространета корупцијата во следниве полициски сектори? Ве молиме употребете скала од 1 до 4, каде 1 означува воопшто не е распространета, 2 распространета во мала мера, 3 донегде распространета, и 4 распространета на највисоко ниво.

| | Воопшто не е распространета | Распространета во мала мера | Донекаде Распространета | Распространета на највисоко ниво | Не знам | Sum - (1+2) | Sum + (3+4) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Гранична полиција** | 09.9 | 24.7 | 36.1 | 21.0 | 08.1 | 34.7 | 57.2 |
| **Специјални полициски единици** | 21.9 | 25.2 | 24.5 | 17.3 | 11.2 | 47.1 | 41.8 |
| **Административни задачи (издавање лични документи)** | 21.6 | 31.4 | 27.3 | 16.6 | 03.2 | 53.0 | 43.8 |
| **Сообраќајна полиција** | 08.2 | 26.6 | 34.5 | 27.2 | 03.4 | 34.9 | 61.7 |
| **Полициски службеници одговорни за јавен ред и мир** | 15.6 | 30.3 | 30.5 | 18.4 | 05.2 | 45.9 | 49.0 |
| **Криминалистичка полиција** | 12.7 | 23.6 | 29.6 | 20.9 | 13.1 | 36.4 | 50.5 |
| **Најблиските соработници на министерот** | 09.1 | 19.3 | 29.9 | 30.6 | 11.1 | 28.4 | 60.5 |

Следна е граничната полиција, со тоа што 57% од граѓаните велат дека корупцијата во овој сегмент е распространета и 35% го тврдат спротивното. Од друга страна, најмалку корумпирани се смета дека се оние кои се одговорни за административни задачи (издавање лични документи): 53% од испитаниците велат дека корупцијата не е распространета, а 44% веруваат дека е. Исто така, специјалните полициски единици се сметаат за корумпирани од 42% и некорумпирани од 47% од испитаниците. Речиси половина од испитаниците веруваат дека корупцијата е широко распространета и меѓу криминалистичката полиција и меѓу полициските службеници

одговорни за јавен ред и мир, каде вторите имаат подобар резултат бидејќи процентот на оние кои дадоа спротивен одговор беше поголем.

Сепак, за некои од категориите, процентот на оние кои не знаеле како да го одговорат прашањето бил прилично висок: ова е особено случај во однос на криминалистичката полиција (13%), специјалните полициски единици (11%) и најблиските соработници на министерот (11%). Ова е очекувано, со оглед на природата на нивната работа и фактот што нивните активности не се вообичаено видливи за јавноста.

### Графикон 28: Перцепција за корупцијата во различни сектори на полицијата (3+4)

П: Колку е раширена корупцијата во следниве полициски сектори? Ве молиме употребете скала од 1 до 4, каде 1 означува воопшто не е распространета, 2 распространета е во мала мера, 3 донегде распространета, и 4 распространета на највисоко ниво.



# БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

## Граѓаните на Македонија се спремни да пријават случај на корупција во полицијата

Голем дел од граѓаните на Македонија се подготвени да ја пријават полициската корупција. Поконкретно, 71% од граѓаните би пријавиле таков случај (ако од нив се бара мито) дури и ако треба да ги откријат своите лични податоци. Понатаму, околу половина од оние кои не сакаат да пријават вакви случаи на корупција бидејќи не сакаат да ги откријат личните информации (49%) би го смениле мислењето и би пријавиле вакви случаи доколку им е овозможено да го сторат тоа анонимно. Ова е охрабрувачки податок, кој треба да се искористи во борбата против полициската корупција. Ако граѓаните се веќе подготвени да пријават случаи на корупција, тогаш треба да се направат поголеми напори за да се зголеми нивната доверба во институционалните антикорупциски механизми. Доколку граѓанинот верува дека пријавениот случај ќе биде решен од институциите, тој/таа станува важен соработник во идентификувањето на корумпираните полициски службеници.

**Графикон 29: Пријавување на случај на корупција во полицијата во Македонија**

П: Дали би пријавиле случај на корупција во полицијата (доколку ви побараат мито) доколку треба да ги откриете вашите лични податоци (личен идентификационен број, адреса, итн)?




**Графикон 30: Пријавување на полициската корупмираност тајно во Македонија**

П: Дали би пријвиле случај на корупција во полицијата доколку е потребно да откриете лични податоци?



Сепак, постојат значајни разлики меѓу етничните групи кога станува збор за подготвеноста да се пријави полициската корумпираност. Додека 76% од етничките Македонци рекле дека би пријавиле вакви случаи, истиот одговор го дале 58% од етничките Албанци. Иако се уште се работи за висок процент, сепак е зад националниот просек. Додатно, постои намалување во подготвеноста на етничките Албанци да пријават полициска корупмираност во споредба со претходната година (2016), кога 69% од испитаниците со албанска етничка припадност одговориле потврдно.

Исто така, има мали разлики меѓу родовите во однос на ова прашање; жените се поподготвени да пријават случаи на полициска корумпираност (ако им побараат мито) отколку мажите.

### Графикон 31: Етнички разлики во перцепцијата во однос на пријавувањето на полициската корупција

П: Дали би пријавиле случај на корупција во полицијата (ако ви побараат мито) доколку треба да откриете лични податоци (личен идентификационен број, адреса, итн)?




### Графикон 32: Полови разлики во восприемањето во однос на пријавувањето полициска корупција

П: Дали би пријавиле случај на корупција во полицијата (ако ви побараат мито) доколку треба да откриете лични податоци (личен идентификационен број, адреса, итн)?



## Локалните полициски станици се првиот избор за пријавување на полициската корупција

Локалната полициска станица е првата адреса каде ќе се обратат една третина од граѓаните кои сакаат да пријават случај на полициска корупција. Другите се поделени меѓу: Државна комисија за спречување на корупцијата (15%), началникот на полициска станица (15%), внатрешната полициска контрола (13%) и пријател кој работи во полицијата (12%). Некои од граѓаните би се обратиле до медиумите (7%), и неколку би пријавиле ваков случај на невладина организација (3%). Покрај првиот избор, учесниците во анкетата имаа за задача да именуваат и други институции каде би пријавиле случај на полициска корупција. Полициските станици повторно беа најпопуларниот избор, бидејќи беа спомнати од половина (50%) од испитаниците. Следен е началникот на полициската станица (37%), што покажува дека граѓаните би оделе до полициска станица најпрво, но поконкретно би разговарале со началникот за да го пријават нивниот случај. Поради ова МВР  треба да развие јасни насоки за полициските станици и да организира обука за нивните вработени за тоа како да се справуваат во вакви сиуации.

Внатрешната контрола, која е всушност одговорна за борба против полициска корупција, не е многу популарен избор. Само една четвртина (26%) од граѓаните би ја избрале оваа организациска единица за да пријават случај на полициска корупција. Исто така, процентот на испитаници кои ја спомнале оваа единица сега е дури и помал отколку претходната година (во 2016 бил 32%). Ова значи дека додатни напори се потребни за промоција на работата на ова внатрешно контролно тело, но, исто така, и за зголемување на неговата ефективност и ефикасност со цел да се добие довербата на граѓаните. Интересно е да се забележи дека една четвртина од испитаниците ќе пријават ваков случај на пријател кој работи во полиција. Ова покажува дека граѓаните понекогаш претпочитаат понеформални канали, и порадо би зборувале со луѓе отколку институции. Поради ова МВР треба да се осигура дека вработените се свесни за институционалните механизми за борбата против полициска корупција, и треба да се однесуваат како промотори на овие механизми во нивната средина.

**Графикон 33: Опции за пријавување на полициска корупција (прв одговор)**

П: Кој би бил прв на листата на кој би му пријавиле случај на корупција во полиција? Кому друг?



**Графикон 34: Опции за пријавување на полициска корупција (повеќе одговори)**

П: Кој би бил прв на листата на кој би му пријавиле случај на корупција во полиција? Кому друг?




## Мотивирањето на граѓаните да пријават полициска корупција е најпотребната мерка

Граѓаните веруваат дека мотивирањето на граѓаните да пријават полициска корупција е мерка која е најнеопходна за превенција на корупцијата во полицијата. Истиот одговор го дале 25% од испитаниците. Зголемувањето на платите на полициските службеници како најважна мерка беше спомната од 14% од анкетираните, додека 13% бараат додатни санкции за корумпираните полициски службеници. Решението, според 10% од нив, е во основањето на ново тело за превенција на полициската корупција, додека другите се поделени на строги санкции на прекршувачите (9%), политичката волја на министерот и полицискиот менаџмент да го решат проблемот (8%), зацврстување на капацитетите на внатрешната контрола, поголемо поттикнување на полициските службеници да ги пријават своите колеги (6%) и други решенија.

**Графикон 35: Најважни мерки за превенција на полициска корумпираност**

П: Што сметате дека е најнеопходно за превенција на корупцијата во полицијата?



Забележани се одредени разлики во перцепцијата за испитаниците врз основа на нивната етничка припадност. Освен фактот дека мотивацијата на граѓаните да пријават полициска корупција е најпопуларен избор кај етничките Македонци (25%), исто така, тие најмногу би побарале додатни санкции за корумпираните полициски службеници (15% етнички Македонци наспроти 7% етнички Албанци) и строги казни за прекршителите (11% етнички Македонци наспроти 8% етнички Албанци). Од друга страна, етничките Албанци се залагаат за зголемување на платите на полицајците (25% од етничките Албанци во споредба со 9% етнички Македонци), но, исто така, за основањето на ново тело за превенција на корупција во полицијата (18% од етничките Албанци споредено со 7% од етничките Македонци). Со други зборови, етничките Македонци се чини дека бараат додатни репресивни мерки против феноменот на полициска корупција, додека етничките Албанци се залагаат за превентивни мерки.

## Графикон 36: Етнички разлики во перцепцијата за мерките кои се најважни за превенција на полициската корупција

П: Што сметате дека е најнеопходно за превенција на полициска корупција?




Испитаниците исто така беа замолени да погледнат листа со институции и да одговорат која од нив би била одговорна за превенција на полициската корупција. Повеќето од граѓаните ја воспriемаат полициската корупција како проблем кој треба да се разгледа внатрешно во самата полиција. Речиси една четвртина од испитаниците сметаат дека ова е примарна улога на внатрешната контрола во полицијата, додека 12% веруваат дека Министерот за внатрешни работи има најважна улога за превенција на корупцијата во полицијата. Исто така, 9% од населенисето смета дека полициските службеници треба да се борат против полициска корупција во своите редови. Сепак, Владата и Собранието исто така имаат релативно високи резултати (12% ја предложиле Владата и 9% Собранието како најважни институции), како и Државната комисија за спречување на корупцијата (11%).

Другите одговори вклучуваат: обвинителството (6%), меѓународната заедница (4%), полицискиот синдикат (4%), невладините организации (2%) или нешто друго. Директорот на Бирото за јавна безбедност е последниот кој им доаѓа на граѓаните на ум за тоа кој е најважен во превенција на полициската корупција и беше спомнат од само 2% од населението.

**Графикон 37: Институција која треба да ја води борбата против полициската корупција**

П: Ве молиме видете ја листата со институции и кажете ми која институција треба да биде прва за да се бори со полициската корупција.




## Невладините организации треба да соработуваат со државата во борбата против корупција

Македонските граѓани очекуваат невладините организации да играат улога на партнер на државата во битката против корупцијата. Имено, 42% од испитаниците рекле дека улогата на невладините организации во борбата против корупцијата треба да биде соработка со државата во овие напори. Една петина од граѓаните сакаат да земат активно учество во борбата против корупцијата, додека 12% веруваат дека невладините организации треба да истражуваат и даваат препораки. 9% од испитаниците како главна улога за невладините организации сметаат дека треба да биде нудење помош на жртвите на корупција, додека 7% рекле дека треба да се промовираат етички активности во јавните институции.

Не се забележани значајни разлики меѓу етничките групи во однос на улогата на невладините организации во борбата против корупција – 43% од етничките Албанци и 41% од етничките Македонци веруваат дека невладините организации треба да се борат против корупција во соработка со државата. Меѓутоа, процентот на етнички Албанци кои веруваат дека невладините организации треба да преземат активна улога во борбата против корупција е поголем од процентот на етнички Македонци кои имаат исто мислење (26% етнички Албанци наспроти 18% етнички Македонци).

### Графикон 38: Улогата на невладините организации во борбата против корупција

П: Луѓето имаат различни мислења за улогата на невладините организации во борбата против корупција. Имајќи го ова на ум, кои улоги треба да ги имаат невладините организации во борбата против корупција?




### Графикон 39: Етнички разлики во однос на улогата на невладините организации во борбата против корупција

П: Луѓето имаат различни мислења за улогата на невладините организации во борбата против корупција. Имајќи го ова на ум, кои улоги треба да ги имаат невладините организации во борбата против корупција?



# МЕТОДОЛОШКА РАМКА

| | |
|---|---|
| **Локација** | Македонија |
| **Време** | Јули, 2017 |
| **Метод на собирање на податоци** | Компјутерски-помогнато телефонско интервјуирање (CATI) |
| **Рамка на примероци** | Машки и женски жители на Македонија од 18 години нагоре, со постојано живеалиште на територијата на Македонија за време на анкетата |
| **Обем на примероци** | 1,000 |
| **Видови на примероци** | Случаен репрезентативен примерок во три фази |
| **Стратификација** | Направена според регион, вид на население, пол, возраст и ниво на образование |
| **Статистичка грешка** | ±3.31% |

POINTPULSE

WESTERN BALKANS PULSE FOR POLICE INTEGRITY AND TRUST

WWW.POINTPULSE.NET

twitter.com/POINTPULSEnet

facebook.com/POINTPULSEnet/

Civil society network dedicated to oversight of police integrity.